**Известување за концентрација со која Телемах, широкопојасна комуникација д.о.о., Словенија ќе стекне самостојна контрола над СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуниакциски услуги д.о.о. Словенија (предмет бр. 08-64 од 11.07.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 11.07.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Телемах, широкопојасна комуникација д.о.о со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија (и индиректно БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен приватен инвестициски фонд со седиште во Лондон), над СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуниакциски услуги д.о.о., со седиште на адреса Целовшка цеста 150, 1000, Љубљана, Словенија, по пат на купување на удел во друштвото.

Телемах, широкопојасна комуникација д.о.о. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс во Република Сецерна Македонија се присутни преку индиректно зависни друштва:

1. Тотал ТВ ДОО Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на Бул. ВМРО бр.3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа и
2. ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуниакциски услуги д.о.о. Словенија е активен со обезбедување на телекомуникациски услуги (фиксна телефонија, широкопојасен пристап на интернет и дистрибуција на медиумски содржини) на корисниците на територијата на Република Словенија.

Подносителот смета дека дефиницијата на релевантниот пазар на стоки може да остане отворена бидејќи, без оглед на усвоената дефиниција, предложената концентарција нема да има било какво влијание на конкуренцијата во Република Северна Македонија, имајќи предвид дека Целното друштво воопшто не е присутно во Република Северна Македонија, оттаму не доаѓа до преклопувања помеѓу учесниците на пазарот во Република Северна Македонија. Алтернативно, релевантниот пазар на стоки би можел да се дефинира како:

1. Малопродажен пазар за обезбедување услуги на фиксна телефонија;
2. Малопродажен пазар за обезбедување на услуги за широкопојасен пристап на интернет и
3. Малопродажен пазар за обезбедување на услуги на дистрибуција на медиумски содржини.

Што се однесува до географскиот опсег на пазарот за предметната концентарција, подносителот предлага релеватниот географски пазар да се дефинира како територија на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.07.2019 година
Скопје